Република Северна Македонија

**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-502/3
Датум: 02.10.2023

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 502/1 од 11.09.2023 година, поднесена од непознат подносител против [redacted], за заштита од дискриминација врз основа на национална и етничка припадност во областа на јавно информирање и медиуми, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 02.10.2023 години, го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К
### За отфрлање на претставката поради неуредност

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08 – 502/1 од 11.09.2023 година, поднесена од непознат подносител против [redacted], за заштита од дискриминација врз основа на национална и етничка припадност во областа на јавно информирање и медиуми **ЗАРАДИ НЕУРЕДНОСТ.**

## О б р а з л о ж е н и е

На 11.09.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација врз основа на национална и етничка припадност во областа на јавно информирање и медиуми, од страна на непознат подносител против [redacted]

Согласно член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација претставката треба да ги содржи следниве елементи: податоци за подносителот (име и презиме и адреса), податоци за лицето против кого се поднесува претставката (име и презиме и адреса), околностите и фактите врз кои се темели претставката (дескриптивен опис на настанот), податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот, доколку ги има и потпис на подносителот.

Од причина што поднесената претставка не ги содржеше наведените елементи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24, став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација го задолжи подносителот истата да ја доуреди. Подносителот беше задолжен да ја доуреди претставката во насока што ќе ги наведе неговите лични податоци податоци (име и презиме), податоци за посочениот дискриминатор (адреса на живеење) и дескриптивен опис на настанот по кој повод ја поднел претставката.

**Во законски предвидениот рок подносителот не ја доуреди претставката.**

Врз основа на законските надлежности Комисијата за спречување и заштита од дискриминација не може да постапува по анонимни претставки, претставки кои се поднесени против потенцијален дискриминатор за кој не е наведена адреса, ниту претставки кои не содржат дескриптивен опис на настанот.

Следствено на тоа Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја отрфрли претставката со бр. 08 – 502/1 од 11.09.2023 година поради неуредност.

Скопје
02.10.2023 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Заменик претседател
Игор Јадровски

Доставено електронски на следната мејл адреса: ilemacedonia@yahoo.com